Во рамките на своите програмски активности Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Битола врз основа на член 9 од Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола („Сл.Гласник на општина Битола бр.15/08 и 12/09) и Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.5/16), објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување на финансиски средства од буџетот на општина Битола на спортски клубови, спортски здруженија и спортисти за 2021 година

### 1. Учество

- Право на учество на јавниот повик ќе имаат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти во сениорски и младински категории, како и другите физички и правни лица од областа на спортот чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Битола.

### 2.Улови

Основни услови за доделување на финансиска поддршка на спортските клубови, спортските здруженија и спортистите во Општина Битола се:

- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го популаризираат масовниот спорт и опфатот на што повеќе млади во населените места;
- да ја реализираат програма за развој на спортот;
- да организираат и спроведуваат систем на натпревари во одредени спортови и категории;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;
- да поттикнуваат постигнување на врвни резултати;
- да се грижат за унапредување на младите категори;
- да учествуваат во национални спортски федерации, или настапуваат на натпревари од национален и меѓународен карактер;
- да се натпреваруваат од највисок ранг на домашни спортски првенства;
- своите активности и програми да ги реализираат на подрачјето на Општина Битола;

## 3. Потребна документација

Спортските клубови, спортските здруженија, спортистите и другите физички и правни лица од областа на спортот кои ќе учествуваат на Јавниот повик треба да достават:

**За спортските клубови и спортските здруженија:**

Образец за финансиска поддршка;

Годишна програма и финансиски план за реализација;

Копија од тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци, како доказ за регистрирана дејност;

Финансиски извештај за добиените средства од Општина Битола во изминатата година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи;

Копија од трансакциона сметка;

**За индивидуални спортисти:**

Образец за финансиска поддршка;

Програма за реализација на проектот (учество на натпревари кои се ставени во календарот на соодветните федерации);

Копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;

Потврда за остварениот спортскиот резултат од соодветна спортска федерација или сојуз регистрирани во Агенцијата за млади и спорт;

Копија од трансакциона сметка.

## 4. Рок и начин за пријавување

Пријавите треба да се достават до општина Битола преку пошта на адреса; Општина Битола, Булевар 1 –ви Мај број 61, 7000 Битола или да се достават во архивата на Општина Битолаод 08.00 часот заклучно со 16.00 часот до последниот ден од Јавниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавите започнува од 22.06.2021 година и трае заклучно со 06.07.2021 година.

Пријавите од јавниот повик ги разгледува Комисијата за млади и спорт од Советот на Општина Битола и согласно критериумите ја одбрува висината на финансиската поддршка.

Финансиската поддршка согласно ПРОГРАМА за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2021 изнесува 1.500.000,00 денари за спортски клубови/спортски здруженија и 500.000,00 денари за индивидуални спортисти.

**5. Извештај за добиените средства**

Секој спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго физичко и правно лице од областа на спортот, како и за спортска манифестација што се одржува во Општина Битола, а за коешто добило средства од Буџетот на Општина Битола , должно е да достави Финансиски извештај за добиените финансиски средства од Општина Битола до Комисијата за млади и спорт при Советот на Општина Битола за начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи, најдоцна до крајот на календарската година.

Бр.0911-92/1
21.06.2021 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Битола
Валентин Груевски